Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во С
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕ
Република Северна Македони
Бр. 02-5060/1
01.09 2025 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје
Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21 и 58/24 година), член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018 и број 426/2019 година) и одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-3604/13 од 12.06.2025 година, Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

## **ИНТЕРЕН КОНКУРС**
## ***за избор на демонстратори***

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2025/2026 година, и тоа за:

***I. Катедра за биохемија и клиничка биохемија*** – 2 демонстратори за:

- Предметите: Биохемија 1, Биохемија 2 и Клиничка биохемија за студентите по општа медицина и тригодишните стручни студии;
- Предметот Биохемија за студентите на Стоматолошки факултет по студиската програма по дентална медицина и за тригодишните студии за дипломирана акушер/ка;
- Предметот Клиничка биохемија за студентите по аналитичка биохемија;
- Предметот Дијагностики методи за студентите за тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар;
- Предметите: Биохемија, Инструментални методи во клиничка биохемија, Контрола на квалитет во медицинско-бихемиска лабараторија и Специјална клиничка биохемија и стручна пракса за студентите од тригодишните стручни студии за дипломиран инженер по медицинско лабараториска дијагностика.

**II. *Катедра за медицинска хемија*** – 1 демонстратор за:

- Предметот *Медицинска хемија*, за студентите по општа медицина, тригодишните стручни студии и за студиската програма по Дентална медицина на Стоматолошкиот факултет.

**III. *Катедра за хистологија со ембриологија*** – 2 демонстратори за:

- Предметите: *Хистологија и ембриологија 1 и 2*, *Морфологија и физиологија на клетка* за студентите по општа медицина;
- Предметот *Хистологија и ембриологија* за студентите по дентална медицина на Стоматолошкиот факулет;
- Предметите: *Морфологија и физиологија на клетка* и *Хистологија* за студентите на тригодишните стручни студии за дипломиран инженер за медицинско-лабораториска дијагностика;
- Предметот *Анатомија со хистологија* за студентите на тригодишните стручни студии за дипломиран логопед, дипломирана медицининска сестра/техничар и дипломирани физиотерапевти
- Предметот *Анатомија со ембриологија* за студентите на тригодишните стручни студии за дипломирана акушер/ка.

**IV. *Катедра за социјална медицина*** – 1 демонстратор за:

- Предметите: *Вовед во медицина*, *Промоција на здравје* и *Социјална медицина* за студентите од студиската програма по општа медицина;
- Предметите: *Промоција на здравје*, *Здравствено и социјално законодавство* и *Здравствен менаџмент* за студентите на тригодишните стручни студии.

**V. *Катедра за медицина на трудот*** – 2 демонстратори за:

- Предметите од студиската програма за студентите по општа медицина и за студентите од тригодишните стручни студии (физиотерапевти, медицински сестри/техничари, логопеди, медицински лаборатни и акушерки).

**VI. *Катедра за анатомија*** – 3 демонстратори за:

- Предметите: *Анатомија 1*, *Анатомија 2* и *Анатомија 3* за студиската програма по општа медицина;
- Предметот *Анатомија со хистологија* за студиските програми од тригодишните стручни студии за дипломиран физиотерапевт, дипломирана медицинска сестра/техничар и дипломиран логопед;
- Предметите: *Анатомија 1* и *Анатомија 2* за студиската програма за тригодишните стручни студии за дипломиран радиолошки технолог;
- Предметот *Анатомија со ембриологија* за студиската програма за тригодишните стручни студии за дипломирана акушер/ка;
- Предметот *Анатомија* за студиската програма за тригодишните стручни студии за дипломиран инженер по медицинско лабараториска дијагностика;

- Предметите: *Анатомија 1* и *Анатомија 2* за студентите на Стоматолошкиот факултет по студиската програма по дентална медицина;
- Предметот *Анатомија со физиологија* за студентите на Фармацевски факултет по студиската програма магистри по фармација.

***VII. Катедра за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика*** – 3 демонстратори за:

- Предметот *Биостатистика со медицинска информатика* за студентите по општа медицина;
- Предметите: *Информатика во здравствена нега* и *Јавно здравство со епидемиологија и статистика* за тригодишните стручни за медицински сестри/техничари;
- Предметите: *Медицинска информатика* и *Основи на здравствена статистика* за тригодишните стручни студии за дипломирани инженери по медиицнско-лабораториска дијагностика;
- Предметот *Биостатистика со информатика* за тригодишните стручни студии за дипломирана акушерка/акушер;
- Предметот *Информатика и здравствена статистика* за тригодишните стручни студии за дипломирани радиолошки технолози, дипломирани физиотерапевти и за дипломирани логопеди.

***VIII. Катедра за медицинска физика*** – 2 демонстратори за:

- Предметите: *Биофизика, Радијациона физика* и *Општа фотографија* за тригодишните стручни студии.

***IX. Катедра за физиологија*** – 2 демонстратори за:

- Предметите: *Физиологија на клетка*, *Физиологија 1* и *Физиологија 2* за студентите по општа медицина;
- Предметите: *Физиологија на клетка* и *Физиологија* за останатите студиски програми.

***X. Катедра за патолошка физиологија и Катедра за нуклеарна медицина*** – 2 демонстратори за:

- Предметот *Патофизиологија* за студентите по општа медицина и тригодишните стручни студии, и
- Предметот *Нуклеарна медицина* за студентите по општа медицина и тригодишните стручни студии.

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или
- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии

(за Катедрата по медицинска физика - предметот Биофизика, да се студенти на студиската програма по општа медицина на Медицинскиот факултет или да се дипломирани на Природно математичкиот факултет во Скопје – отсек физика).

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија)
- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

**Декан**
Проф.д-р Светозар Антовиќ